12-2242/5

30-12-2020

Врз основа на член 22 став и член 23 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен Весник на Република Македонија" број 12/2019) и член 40 и 41 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по пријава за корупција на подносителот ----------- ---------- од ---------, Државната комисија за спречување на корупцијата(ДКСК) на 45-та седница одржана на ден 29.12.2020 година донесе

**Одлука**

Постапката по предметот 12-2538 од 2019 година, оформен по пријава бр. 12-2538/1 од 24.04.2019 година, доставена од подносителт ---------- ---------- од ---------, **СЕ ЗАПИРА**.

Согласно со одредбите на Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси, Државната комисија за спречување на корупцијата нема елементи за натамошно постапување по предметот со број 12-2538 од 2019 година, во предметниот случај е постапено од друг надлежен орган – ОЈО ---------.

Предметот со број 12-2538 од 2019 година да се затвори и да се архивира.

До подносителот на пријавата да се достави Одлуката на Државната комисија, со образложението.

Одлуката на Државната комисија за спречување на корупцијата, со образложението - во деперсонализирана форма, да се објави на веб страницата на Државната комисија во рок од 5 (пет) дена од донесувањето.

Образложение

Предметот со број 12-2538 од 2019 година е оформен по пријава бр. 12-2538/1 од 24.04.2019 година, доставена до Државната комисија за спречување на корупцијата од подносителот ---------- ---------- од -------.

Во пријавата се изнесени наводи против службени лица вработени во Катастарот на Општина -------- поради нивни коруптивни дејствија и не - постапување по предмет поднесен од подносителот на пријавата во 2008 година. Во прилог на пријавата, доставена е прилог документација во врска со предметните наводи а се бара Државната комисија да му излезе во пресрет на подносителот заради решавање на проблемот.

При разгледувањето на предметниот случај ДКСК ги зема во предвид сите наводи на подносителот и заради утврдување на целосната фактичка состојба за овој пријавен случај ДКСК достави барање за податоци и информации до надлежни органи и институции. Од спроведената постапка за утврдување на фактичката состојба, ДКСК го констатира следното:

- Во предметниот случај станува збор за наводи во врска со предмет поднесен од страна на подносителот до подрачното одделение на Катастар --------- на ден 05.05.2008 година, во кој требало да му се запише Решение донесено од Влада на РМ од 22.04.2008 година, донесено врз основа на примена на член 16 од Законот за земјоделско земјиште (Сл. весник бр. 135/07) и издадено по негово барање, за размена на земјоделско земјиште во сопственост на поранешен сопственик – неговиот татко кои тој ги наследил со земјоделско земјиште во сопственост на РМ, со право на носителите ,а „со размена на парцели".
- Од извршените проверки на релевантните закони, согласно наведената законска одредба со која е уредена размената на земјоделско земјиште - „Заради окрупнување на земјоделските парцели, земјоделското

земјиште во државна сопственост може да се размени со земјоделско земјиште во приватна сопственост. Размената може да се врши само кога парцелите во приватна сопственост кои се предмет на размена граничат со парцелите во државна сопственост. По исклучок при правосилно решение за денационализација, размена може да се врши и на парцели кои меѓусебно не граничат. Постапката за размена на земјоделско земјиште ја спроведува Министерството по барање на заинтересирано лице или по службена должност."

- Во врска со предметниот случај, од страна на полномошник адвокат на подносителот на пријавата била заведена и судска постапка по приговор поднесен на обвинителен акт поднесен од страна на Основното јавно обвинителство -------- против подносителот на пријавата, за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" од КЗ, а во која од страна на Основниот суд ------- било донесено Решение со број Кс. Бр. -----/09, со кое судот донел Решение со кое го враќа обвинителниот акт КО бр.---/09 од 27.04.2009 на ОЈО -------- и го задолжил основниот јавен обвинител да во рок од три дена по приемот на решението да поднесе предлог до истражниот судија на Основен суд -------- за спроведување на истрага. Во образложението на донесеното судско решение, кое станало правосилно на 15.09.2009 година, било наведено дека во предметниот случај не била спроведена истрага и не бил сослушан обвинетиот, а од приложените докази не можело да се утврди основаноста на обвинителниот акт, посебно поради тоа што во случајот не се работело за директни докази туку за меѓусебни преписки меѓу повеќе државни органи.

Подносителот на пријавата се сомневал во законитоста на донесеното судско решение, поради тоа што не му било доставено од страна на неговиот адвокат па случајот го пријавил во Вишото јавно обвинителство во ---------- и оттаму го прибавил предметното решение. По ова, според наводите на подносителот, во парцелите на кои му било запишано правото на сопственост по основ на решението за размена, намерно направен бил упад од страна на лица без правен основ (*фирма* --------) со имотни листови издадени од Катастарот за што тој пријавил во МВР – СВР ---------- кои постапиле по неговата пријава, излегле на увид на лице место и изготвиле службен материјал, а за своето постапувањето го известиле на ден 26.04.2016 година.

-На ден 26.06.2020 година, по барање на ДКСК, пристигнат е одговор од Одделението за недвижности ----------, со кој се доставуваат уверенија за историски преглед на извршените запишувања за предметните катастарски парцели. Од извршениот увид во доставените уверенија констатирано е дека ниту подносителот на пријавата ниту неговиот татко (------------ --------- и -------) се наведени како сопственици во доставените промени на предметните парцели или на некој нивен дел, предметното решение од Влада на РМ донесено 22.04.2008 година воопшто не е евидентирано, а исто така како сопственици на предметните парцели не е наведена ниту фирмата и нејзиниот сопственик, за која подносителот посочува дека направиле упад на парцелите без правен основ. Оттука, дискутабилно е дали навистина наведеното Решение од Влада на РМ било валидно или за истото било сторено кривичното дело за кое бил покренат обвинителен акт од страна на Основното јавно обвинителство -------, против подносителот на пријавата, за сторено кривично дело „фалсификување на исправа" од КЗ, а по кој бил заведен предметот со број КО бр.----/09 од 27.04.2009 година.

- По барање на ДКСК од страна на ОЈО ---------, на ден 02.09.2020 година, доставено е известување со кое се известува дека до ова основно јавно обвинителство била поднесена кривична пријава КУ бр. --- / 09 од СВР -------- по која било постапено и било поднесено Барање за спроведување на истрага КО бр.----/09 од 07.10.2009 година, против -------- ---------------- од ---------, а поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „Фалсификување исправа " од чл.378 ст. 3 в.в. со ст.1 од КЗ. По спроведената истрага истражниот судија ги вратил списите во ова Обвинителство на 04.12.2009 година, а од страна на Основното јавно обвинителство ------- под Ко бр.--/09 бил подигнат Обвинителен акт од 27.04.2009 година против

обвинетиот --------- ------------- за кривичното дело „Фалсификување исправа" од чл.378 ст.3 в.в со ст.1 од КЗ. Од страна на Основниот суд во --------- била донесена пресуда К бр.-----/09 од 12.10.2010 година со која обвинетиот -------- ------------ бил огласен за виновен и му била изречена Условна осуда при што била определена казна затвор во траење од 6 месеци а истовремено било определено дека истата нема да се изврши ако обвинетиот во рок од 2 години не стори ново кривично дело. (*со оглед дека пресудата е донесена на ден 12.10.2010 година, ова значи дека од страна на обвинителството било постапено по Решението на Судот од 15.09.2009 година со број Кс. Бр. ---/09 со кое го враќа обвинителниот акт КО бр.---/09 од 27.04.2009 година , односно по повторно постапување и одлучување по предметот била донесена наведената пресуда од 12.10.2010 година)*

Врз основа на вака утврдената фактичка состојба, ДКСК констатира дека во врска со конкретниот случај не се потврдени предметните наводи за не спроведување на предмет во катастарската евиденција на предметната Општина, а исто така за случајот било постапено од други надлежни органи и тоа од: ОЈО ------, кое постапувајќи по кривична пријава поднесена од страна на СВР ------- против подносителот на пријавата -----------------, поради постоење на основано сомневање за сторено кривично дело „Фалсификување исправа", против ова лице подигнало обвинителен акт, како и од страна на Основниот суд во --------- кој на 12.10.2010 година донел пресуда со која обвинетото лице било огласено за виновен и му била изречена Условна осуда при што била определена казна затвор во траење од 6 месеци а истовремено било определено дека истата нема да се изврши ако обвинетиот во рок од 2 години не стори ново кривично дело. Со оглед на констатираното, ДКСК оцени дека нема елементи за нејзино натамошно постапување по овој предмет, постапката по истиот се запира, а предметот се затвора и се архивира.

Имајќи го предвид сето погоре наведено, Државната комисија за спречување на корупцијата одлучи како во диспозитивот на оваа одлука.

**Одлучено на ден 29 декември 2020 година под бр. 12- 2242/5**

**ДРЖАВНА КОМИСИЈА**
**ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА**
**Заменик Претседател,**
**Софка Пејовска Дојчиновска**

Доставено до :

- Архива
- Подносител

По заклучок на ДКСК
Изработил: Ј.Ц., Советник
Одобрил : м-р В.Г., Член на ДКСК